# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

.

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 21.06. 2011 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 6 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за донесување на ДУП за дел од У.Е. ,,1,, плански опфат помеѓу улиците “Вељко Влаховиќ”, “Ленинова” и “Вера Цири Вири” во Свети Николе (1,76ха), 2009-2014)**

Се објавува Одлука за донесување на ДУП за дел од У.Е. ,,1,, плански опфат помеѓу улиците “Вељко Влаховиќ”, “Ленинова” и “Вера Цири Вири” во Свети Николе (1,76ха), 2009-2014) бр. 0701 – 465 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија ” бр.05/02), и член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија ” бр.51/05 , 137/07, 91/09 и 124/10), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за дел од У.Е. ″1″ плански опфат помеѓу ул." Вељко Влаховиќ ", " Ленинова ", и " Вера Циривири" во Свети Николе (1,76 ха) , (2009-2014)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува **ДУП за дел од У.Е. ″1″ плански опфат помеѓу ул." Вељко Влаховиќ ", " Ленинова ", и " Вера Циривири" во Свети Николе (1,76 ха) , (2009-2014)**

**Член 2**

Оваа Одлука се донесува по претходно добиена Согласност на Предлог планот бр.16-2839/2 од 03.05.2011 год. од Министерството за транспорт и врски, сектор за уредување на просторот – Скопје.

**Член 3**

Со оваа Одлука се прифаќа простор од 1,76 ха.

**Член 4**

Урбанистичкиот план е со технички број 79/09 од март 2011 год. и е изработен од " ПЛАНЕРИС " – дооел Куманово.

**Член 5**

Составен дел на планот се графичките прилози , текстуалниот дел и параметрите за планирање на просторот кои се направени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.51/05 , 137/07 , 91/09 и 124/10)

**Член 6**

Урбанистичкиот план во 7 ( седум) примероци се заверува со печат на Советот на Општина Свети Николе.

**Член 7**

Планот со сите негови делови се чува , следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, комунални дејности , сообраќај и заштита на животната средина на Општина Свети Николе.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701-465**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за донесување на ДУП нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. "1" Плански опфат меѓу ул." Карпошева ", " Македонска ", и "Орце Николов" во Свети Николе (1,36 ха) , (2010-2015)**

Се објавува Одлука за донесување на ДУП нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. "1" Плански опфат меѓу ул." Карпошева ", " Македонска ", и "Орце Николов" во Свети Николе (1,36 ха) , (2010-2015) бр. 0701 – 466 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/2**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија ” бр.05/02), и член 26 став 5 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија ” бр.51/05 , 137/07, 91/09 и 124/10), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06.2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. ″1″ Плански опфат меѓу ул." Карпошева ", " Македонска ", и "Орце Николов" во Свети Николе (1,36 ха) , (2010-2015)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува **ДУП за дел од У.Е. ″1″ плански опфат меѓу ул." Карпошева ", " Македонска ", и "Орце Николов" во Свети Николе (1,36 ха) , (2010-2015)**

**Член 2**

Оваа Одлука се донесува по претходно добиена Согласност на Предлог планот бр.16-578/4 од 03.05.2011 год. од Министерството за транспорт и врски, сектор за уредување на просторот – Скопје.

**Член 3**

Со оваа Одлука се прифаќа простор од 1,36 ха.

**Член 4**

Урбанистичкиот план е со технички број 245/10 од декември 2010 год. и е изработен од “ ПЛАНЕРИС ” – дооел Куманово.

**Член 5**

Составен дел на планот се графичките прилози , текстуалниот дел и параметрите за планирање на просторот кои се направени согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија ” бр.51/05 , 137/07 , 91/09 и 124/10)

**Член 6**

Урбанистичкиот план во 7 ( седум) примероци се заверува со печат на Советот на Општина Свети Николе.

**Член 7**

Планот со сите негови делови се чува , следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, комунални дејности , сообраќај и заштита на животната средина на Општина Свети Николе.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701-466**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план на дел од УЕ 1 Плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе 2011-2016 год**

Се објавува Одлука за за утвррдување на нацрт Детален урбанистички план на дел од УЕ 1 Плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе 2011-2016 год. бр. 0701 – 467 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/3**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија ” бр.60/2011), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

**за урврдување на нацрт Детален урбанистички план на дел од УЕ 1 Плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе 2011-2016 год**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Свети Николе го утврдува нацртот на Детален урбанистички план на дел од УЕ 1 Плански опфат меѓу ул."Карпошева" "Македонска" ,"Кочо Рацин " и "Октомвриска ",Општина Свети Николе 2011-2016 год. По утврдувањето на Нацртот на Деталниот урбанистички план ќе се спроведе Јавна презентација и Јавна анкета.

**Член 2**

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општината.Времето на изложување на планот и спроведување на Јавната презентација и Јавната анкета е 10 работни дена и ќе биде објавено со соопштение во јавните гласила.

**Член 3**

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на стручна комисија формирана од Градоначалникот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0701-467**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1890/2 м.в.Пударница , КО Орел, Општина Свети Николе**

Се објавува Одлука. за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1890/2 м.в.Пударница , КО Орел , Општина Свети Николе бр. 0701 – 468 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/4**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 7 точка 2 алинеја 4, а во врска со член 13 и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " бр.60/2011 – пречистен текст ), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

**за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1890/2 м.в.Пударница , КО Орел , Општина Свети Николе**

**Член 1**

Се пристапува кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1890/2 м.в.Пударница , КО Орел , Општина Свети Николе за поставување на мерна станица за мерење на потенцијалот на ветерот .

**Член 2**

Изработката на планот ќе започне по добивање на услови за планирање на просторот од Органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на просторно планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701-468**
**21.06l 2011 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Претседател на Совет,**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за извршување на услуги на правни и физички лица од страна на претпријатието**

Се објавува Одлука за утврдување на цени за извршување на услуги на правни и физички лица од страна на претпријатието бр. 0701 – 469 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/5**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина –Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06.2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за извршување на услуги на правни и физички лица од страна на претпријатието**

1. Се дава согласност на Одлуката за утврдување цени за извршување на услуги на правни и физички лица од страна на претпријатието.

2. Согласноста се дава на Јавното претпријатие за погребални услуги – Свети Николе на Одлуката бр. 0202-66/3 од 20.06.2011 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

**Бр. 0701 - 469**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ("Службен гласник на Општина Свети Николе" бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за дополнување и усвојување на Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работни места**

Се објавува Одлука за дополнување и усвојување на Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работни места бр. 0701 – 469/2 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/6**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката за дополнување на правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работните места**

1. Се дава согласност на Одлуката за дополнување и усвојување на Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работните места.

2. Согласноста се дава на јавното претпријатие за погребални услуги – Свети Николе на Одлуката бр. 0202-66/4 од 20.06.2011 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0701 – 469/2**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измена на ставките што претпријатието ги печати на белешките за наплата на своите услуги од граѓаните**

Се објавува Одлука за измена на ставките што претпријатието ги печати на белешките за наплата на своите услуги од граѓаните бр. 0701 – 469/3 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година.

**Бр. 0801-470/7**
**21.06. 2011 год.**
**Свети Николе**

**Градоначалник,**
**на Општина Свети Николе**
***Роберт Ѓоргиев с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), Советот на Општина –Свети Николе на седницата одржана на ден 21.06. 2011 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на ставките што претпријатието за погребални услуги ги печати на белешките за наплата на своите услуги на грашаните.**

1.Се дава согласност на Одлуката за измени на ставките што претпријатието ги печати на белешките за наплата на своите услуги од граѓаните.

2. Согласноста се дава на јавното претпријатие за погребални услуги – Свети Николе на Одлуката бр. 0202-97/3 од 14.06.2010 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе"

**Бр. 0701 – 469/3**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Васко Пашовски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А


1.Одлука за донесување на ДУП за дел од У.Е. ,,1,, плански опфат помеѓу улиците "Вељко Влаховиќ", "Ленинова" и "Вера Цири Вири" во Свети Николе (1,76ха), 2009-2014) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

2.Одлука за донесување на ДУП Нацрт Детален урбанистички план за дел од У.Е. ''1'' плански опфат меѓу улиите "Карпошева", "Македонска" и "Орце Николов" во Свети Николе (1,36ха), (2010-2015) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.3

3.Одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план на дел од УЕ 1 Плански опфат меѓу ул.,, Карпошева,, ,,Македонска, ,,Кочо Рацин,, и ,,Октомвриска,, Општина Свети Николе 2011-2016 година . . . . . . . стр.4

4.Одлука за пристапување кон изработка и донесување на Локална урбанистичка планска документација на дел од КП бр. 1890/2 м.в. Пударница, КО Орел, Општина Свети Николе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.5

5. Одлука за утврдување на цени за извршување на услуги на правни и физички лица од страна на претпријатието . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6

6.Одлука за дополнување и усвојување на Правилникот за организација на претпријатието и систематизација на работни места . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.7

7.Одлука за измена на ставките што претпријатието ги печати на белешките за наплата на своите услуги од граѓаните. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр 8


**Бр. 0701 - 462/2**
**21.06. 2011 година**
**Свети Николе**